Уп. бр. 08-147

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, доставено преку Адвокатско друштво Кнезовиж и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 27.11.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над ОртоДентал, стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о., со седиште на Вилхарјева цеста 42, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.11.2024, а до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о., со седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво

за инвестиции, д.о.о. ќе стекне контрола над ОртоДентал, стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о., со седиште на Вилхарјева цеста 42, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о.** е најголемиот менаџер на приватни инвестициски фондови со седиште во Словенија. Истиот управува со 2 приватни инвестициски фонда: АЛФИ ПЕ д.о.о., СИС к.д. и АЛФИ ПЕ Гроут СИС д.о.о. к.д. Подносителот е во 100% сопственост на АЛФИ ПЕ ГЕФ ГП д.о.о & АЛФИ ПЕ Гроут СИС д.о.о. к.д.

Регистрирана дејност на АЛПЕ ГЕФ ЗОБ, друштво за инвестиции, д.о.о. е активности на управување со фондови.

-**АЛФИ Групата** моментално има 1 поврзано друштво во Република Северна Македонија: Друштво за трговија и услуги АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје и со приоритетна дејност – трговија на големо со друга стока за домаќинства. Друштвото во најголем дел се занимава со продажба на играчки, опрема и текстил. Друштвото е присутно на пазарот и преку својата интернет продавница. Исто така, друштвото врши и придружна (non-core) дејност на набавка и монтажа на алармни системи за мобилни оператори која опфаќа мал дел од процентот на продажба.

-**ОртоДентал стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о.** е стоматолошки центар кој обезбедува различни стоматолошки услуги и процедури, специјализиран за Invisalign невидливи протези и имплантологија. Регистрираната дејност на Целното Друштво е дејност на стоматолошка ординација.

ОртоДентал стоматолошка дејност и стручно советување д.о.о. нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет во 2023 година на пазарот на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со

истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**